Променливост, аналитичност и упорност!



Постојат два основни астролошки системи тропски, западен, кај нас во широка употреба, и индиски, сидерален.Во мојот врв на западната астрологија истата ја напуштам бидејќи стана тесна за она што јас го очекував од астрологијата. Продолжувајќи пред десетина години, преку изучување на индиската астрологија позната како Џотиш или во превод наука за светлоста божја се уверив во нејзината прецизност, корисност и реалност. Овој "простор" во "Ина" ќе се обиде да ви го осветли патот по кој чекорите и да ве промени во потрага по вашата суштина на постоење.

Џотиш-Индиска астрологија

Бранко Црвенковски е роден под влијание на Месечината во Риби или по индиски Мина, додека среќната ѕвезда на раѓање е Утарабадрапада -чиј владател е Сатурн. Симболот за оваа ѕвезда е полски КРЕВЕТ, попрецизно последната постела на полскиот кревет.

Каста кшатриска, но во Риби (политика, управување, сила, енергичност, машкост, успех преку чувствата на другите, договори, горд, величествен, љубезен, почит од роднини, добротворен).

Уттар-бхадрапада среќната ѕвезда кај претседателскиот кандидат на СДСМ Бранко Црвенковски е поврзана е со спиритуален напредок, а самата Утара Бхадра дава патувања во далечни предели, оставајќи сé зад себе (Сараево е негов роден град). Слободно може да се асоцира со талкање од место на место, бидејќи е водена од внатрешните моментални пориви (чувства), кои се предизвикани од воденио ѕодијачки знак Риби. Постои внатрешна контрола и моќ за надминување на кризи, но со "белег" на душата!

Психологија

Да се чувствува, да се сака, да се биде романтичен, да се потпадне под влијание, да се служи, да се преценува или потценува, да споделува, да помага, да лекува со говор кај блиските, да заземе одбранбен став, да се докажува.

Бранко Црвенковски по индиска астрологија има подзнак Макара (Јарец), но главните карактерни црти се "извлечени" од "водената" и емотивна Месечина, која за време на неговото раѓање се позиционирала во знакот на Риби (Мина во индиската астрологија). Сонцето, кое е показател на егото и татковите релации, е поврзано со практичниот и трудољубивиот знак на Девица (Канија) и ја дава неговата потреба да служи на другите.

Оттука е нагласено двојството на светлата во неговата натална карта (Месечина во Риби и Сонце во Девица), што астролошки предиспонира за лична колебливост и неодлучност, но и сигурност и поддржување на политиката на "попаметните", поискусните и докажаните експерти, пред сé од рамките на својата политичка провиненција. Астролошки е нагласена попустливоста (променливи светла), но и тоа е дел од политичката борба, пред сé доколку крајниот резултат донесува позитивни резултати!?

Ваква планетна позиција говори за негова умешност да ги искористи потенцијалите на неговата партиска структура и да делува како "резултанта" помеѓу евентуални две спротивставени партиски струи! Месечината во хороскопскиот знак на Риби ја нагласува неговата интуитивна и емотивна природа и извесно е дека и во минатото и во иднината неговата политичка проценка ќе биде став на мнозинството, а не негов личен!

Но што говори теоријата на Џотишот за неговата натална карта! За подзнакот Јарец јога карака (планета, која дава сила и слава) е Венера. Истата е сместена високо на небото во 10 сектор, кој дава максимална сила во јавниот живот, познатост и афирмираност. Се формираат три карактеристични силни позиции преку владетелите на 1, 5 и 9 поле т. н. среќни астролошки полиња:

1. Сатурн во сопственото седиште ја создава кралската Шаша Махапанчапуруша, која дава политичко влијание над масите,
2. Венера во 10 поле, афирмативност, слава, добро образование, подароци од странци, имотни добра и
3. Меркур во своето седиште во 9 поле со Сонце (посета на странски земји, експерти во своја близина, поддршка од странци кои имаат власт) т. н. Бхадра јога

Ова е доволен показател да се види неговото влијание врз дел од широките народни маси и извесна е неговата историска врска со настаните кои ги проследивме во овие изминати години од осамостојувањето на нашата држава.

Бранко Црвенковски е роден за време на полна Месечина и извесно е дека успесите и кризите во минатото и во иднината му се поврзани со младите и полните Месечини пред пролетта, кога "енергетски" е најчувствителна неговата натална карта и се советува во иднина да внимава на сите месечеви четврти од февруари до април и, секако, октомври и ноември! Аналогно на кажаново за време на изборната трка вториот изборен ден му е подобар од првиот! Се разбира, ова е нецелосно предвидување, бидејќи неговата натална карта е површно анализирана (несигурни информации за часот на раѓање)!

Можни предвидувања

-Неговите успеси се поврзани ноември-декември, евентуално јули и септември на секои две години

-Неповолни периоди февруари до почеток на април и крај на октомври- ноември на секои две години. Оваа година нека биде внимателен околу 11 ноември.

До 2013 година политички е присутен (доколку одолее на посочените кризи), а 2013 година е пресвртница во неговата политичка кариера!

Нека му е со среќа!

